Врз основа на чл.15 став 2 од Законот за издавачка дејност ( Службен весник на СРМ бр. 29/78 ) и член 3 став 2 и член 55,56,57 и 69 од Законот за авторско право ( Сл. весник на СРМ, бр.19/78), денес на Седумнаести мај 1990 година во Ресен, договорните странки: Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна Ресен, застапуван од Ѓорѓи Прцуловски ( Претседател ) од една страна, и Тодор Симовски од Скопје, ул. Руса Плавева бр.6, од друга страна, го склучија следниот

## ИЗДАВАЧКИ ДОГОВОР

### 1.Предмет на договорот

Предмет на овој договор е изработување на Монографија за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски -Овчарот.

### 2.Обврски на авторот

Авторот Тодор Симовски се обврзува:

-да го напише и на порачателот -Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ Ресен да го предаде подготвено за печат делото наведено во точката еден во овој договор, во рок од 12 ( дванаесет) месеци по потпишувањето на овој договор во 2 ( два ) примероци, читливо отчукан на машина на една страна;

-да постапи по забелешките на рецезентите во рок од 15 (петнаесет) дена по приемот на истите, како и по евентуалните забелешки на порачателот.

-пред пуштањето во печат на трудот ( ракописот ) авторот да го погледа и да го одобри печатењето;

-без согласност на порачателот да не врши превод и да не презема мерки за издавање на трудот кај други издавачки куќи во СФРЈ на јазиците на народите и народностите на Југославија;

-по продажба на првото издание да му овозможи на порачателот, ако тоа е потребно, да издаде и второ и наредно издание.

### 3.Обврски на издавачот

Порачателот ( издавач ) -Општинскиот одбор на СЗБ НОВ Ресен, се обврзува:

-Трудот ( ракописот) предмет на овој договор да го издаде во рок од 12 месеци по извршената рецензија и предавањето на трудот за печат од страна на авторот.

./.

-на авторот да му плати авторски хонорар во износ (нето) 1.400,00 ( илјада и четиристотини ) динари по авторски табак.

-на авторот да му даде бесплатно 20 (дваесет) примероци од отпечатениот труд.

Во случај издавачот ( порачателот ) да не е во можност да го печати овој труд, независно од фактот што ги подмири сите трошкови, авторот може да го понуди по своја желба на друга издавачка куќа во оригинален текст или во превод.

Порачателот се обврзува исто така да ги подмири на авторот сите реални трошкови кои ќе бидат направени во текот на подготовките и истражувачката дејност на авторот ( патни, дневни, филмови, слики, магнетофонски ленти и др.), за што авторот по завршувањето на трудот е должен да ги предаде на порачателот.

4. Исплата на авторски хонорар

Исплата на авторскиот хонорар ќе се изврши:

- 50% во повеќе рати(од целиот износ) во рок од 30 дена по потпишувањето на договорот, а остатокот во рок од 15 дена по предавањето на трудот за печатење.

5. За разрешување на евентуални спорови во врска со исполнувањето на овој договор ќе решава надлежен суд.

6. Број на примероци

Овој договор е сочинет во пет еднакви примероци, од кои, 2 ( два ) за авторот и 3 ( три ) за порачателот ( издавач ).

Автор,
( Тодор Симовски )

За порачателот ( издавач )
Претседател,
( Ѓорѓи Прцуловски )

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОБ
на Социјалистичка Република Македонија
ОПШТИНСКИ ОДБОР
Бр. 08-59/1
28.5. 1990 год.
РЕСЕН